Апликација „Diaverum d.CARE “

**<u>Изјава за заштита на приватноста и Општи услови за користење</u>**

**ВЕ МОЛИМЕ ВНИМАТЕЛНО ДА ПРОЧИТАТЕ И ДА ОДОБРИТЕ ПРЕД ДА ЈА СИМНЕТЕ ИЛИ ДА ЈА КОРИСТИТЕ АПЛИКАЦИЈАТА “d.CARE“.**

## Белешка за приватноста

Датум на стапување во сила: 21 април 2020 година

Диаверум АБ и неговите компании („Диаверум“) ја почитуваат вашата приватност. Оваа Изјава за заштита на приватноста се однесува на регистрираните корисници на мобилната и веб апликацијата „Diaverum d.CARE“ (заедно „апликацијата“). Во неа се опишуваат видовите лични податоци што ги прибираме и ги обработуваме во врска со апликацијата, целите за кои ги прибираме личните податоци, другите субјекти со кои би можеле да ги споделиме и мерките што ги преземаме за заштита на сигурноста на податоците. Исто така, ви ги објаснува вашите права и избори во однос на вашите лични податоци и како можете да ни се обратите за да добиете одговори на прашањата што би можеле да ги имате во однос на нашата практика за приватноста. Ако не се согласувате со политиката за приватност и со условите за користење на апликацијата „d.CARE“ нема да ви биде креирана сметка и нема да можете да ја користите апликацијата. Освен за она што е пропишано во Делот 7, одговорниот субјект, контролорот на податоците, за прибирање и користење на вашите лични податоци во контекстот на апликацијата е:

ПЗУ Центар за дијализа ДИАМЕД МАКЕДОНИЈА Скопје, 4043014515270
Ул.Јадранска магистрала бр.100
1000 Скопје
Северна Македонија
Email: macedonia@diaverum.com

Контролорот има назначено офицер за заштита на личните податоци со кого може да се контактира во пишана форма користејќи ги погоре дадените податоци за адресата на седиштето или за адресата за електронска пошта на: Frosina.gogoska@diaverum.com

### 1. Личните податоци што ги прибираме

*а. Лични податоци што вие ни ги давате*

Во врска со вашето користење на апликацијата, секој ден ќе можете да внесете оценка како се чувствувате и ваш личен текст. Во зависност од модалитетот ќе може да внесувате мерки и резултати од вашите третмани со ПД или дијализа во домашни услови, вклучувајќи и фотографии од местото на излез. Целта е да ви се овозможи вам и на овластениот персонал да ја следи вашата добросостојба. Законската основа за оваа обработка е вашата информирана согласност.

*б. Лични податоци обезбедени од други извори*

За најголем дел од информациите што ви се даваат во апликацијата како извор се користи системот на Диаверум за управување со клиниката и пациентите. Тоа опфаќа:

- Информации за вашата регистрирана сметка (ИД на корисникот, телефонски број, временска зона, тип на модалитет),
- Избрани делови од вашите информации за рецептите, вклучувајќи ги и лековите,
- Делови од резултатите од вашиот третман со дијализа,
- Делови од информациите од вашите лабораториски испитувања.

Целта е да ви се овозможи да ги следите важните информации поврзани со вашиот третман со дијализа. Законската основа за оваа обработка е вашата информирана согласност.

*в. Информации што ги прибираме автоматски*

Може да користиме Гугл Аналитикс за Фајрбејз за автоматско прибирање одредени анонимизирани информации кога ја користите апликацијата („информации за користењето“) како што се информации за аспектите на апликацијата што ги користите или ги посетувате, датумот и времето од денот кога пристапувате до апликацијата и колку време поминувате во користење на апликацијата, мобилниот интернет пребарувач, моделот на оперативниот систем на вашиот уред и други информации опишани во белешката за приватноста. Може да изберете да не се вклучува Гугл Аналитикс за Фајрбејз преку промена на поставките. Видете и https://policies.google.com/privacy.

Автоматски прибираните податоци се обработуваат за да се подобри апликацијата и да ви се обезбедат најдобри информации и услуги. Може да ја прибираме и ИП адресата на мобилниот уред или друг единствен идентификатор („Идентификатор на уредот“ за секој мобилен телефон, таблет или друг уред („Уред“) што се користи за пристапување на платформите. Идентификатор на уредот автоматски му се доделува на вашиот уред и нашите сервери го идентификуваат вашиот уред преку неговиот идентификатор на уредот. Законската основа за оваа обработка е вашата информирана согласност.

## 2. Како ги користиме личните податоци

Може да ги користиме личните податоци што ги добиваме за вас во врска со апликацијата:

- за да ви обезбедиме информации и статистика за вашите третмани со дијализа кај Диаверум;
- за да ги генерираме и да ги дистрибуираме вашите информации за најавување на сигурен начин;
- за да ја креираме и да управуваме со вашата сметка, да ви ги обезбедуваме нашите производи и услуги и да одговараме на вашите прашања;
- за да ве заштитиме и да спречиме измама, неовластена активност и тужби и други обврски и да управуваме со изложеноста на ризикот и со квалитетот на франшизата;
- за да го водиме, оценуваме и подобруваме нашиот бизнис (вклучувајќи и преку развој на нови производи и услуги; управување со нашите комуникации; олеснување на функционалноста на нашата мобилна апликација);
- за да го следиме користењето и да ги подобриме нашите интерактивни средства;

- за да ги спроведуваме нашите услови за користење;
- за да се придржуваме со соодветните законски услови и стандарди во дејноста и со нашите политики;
- за да одговараме на прашањата, поплаките, споровите во процесот и
- за да вршиме ревизија, истражување и анализа за да ги одржуваме, заштитуваме и да ги подобруваме нашите услуги.
- Информациите може да ги користиме и на други начини за што даваме конкретни известувања во времето на прибирањето.

Известувања во апликацијата: Ако сте регистриран корисник на апликацијата може да добивате потсетници во делот за известувања во апликацијата како што се потсетници да внесете како се чувствувате. Можете да управувате со вашите преференци за известувањата или да ги деактивирате овие известувања во секое време преку исклучување на известувањата во апликацијата или во поставките на уредот на вашиот мобилен уред.

Фотографии и камера: Нема да пристапуваме до вашите фотографии или камера без вие самите да го иницирате тоа. Ако иницирате пристап до фотографиите или до камерата ќе ги користиме само фотографиите што ќе ги изберете да ги испратите. Во секое време може да управувате со вашите преференци за фотографиите и за камерата преку исклучување на оваа функција во поставките на уредот на вашиот мобилен уред.

**3. Личните податоци што ги споделуваме**

Не ги продаваме и на друг начин не ги објавуваме личните податоци што ги прибираме и чуваме за вас, освен како што е опишано во оваа Изјава за заштита на приватноста или како што на друг начин ви е соопштено во време кога се прибираат податоците.

Даватели на услуги: Може да споделуваме лични податоци со даватели на услуги што вршат услуги во наше име како што се компании што ја развиваат и што даваат поддршка за функционирањето на апликацијата и што испраќаат електронска пошта или друг вид електронска комуникација. Овие даватели на услуги не ги овластуваме да ги користат или да ги објавуваат податоците освен како што е неопходно за извршување одредени услуги за наша сметка или да се придржуваат до законските услови. Од овие даватели на услуги, со договор, бараме соодветно да ја штитат приватноста и безбедноста на личните податоци што ги обработуваат во наше име.

Клинички персонал во Диаверум: Вашите одговори на „Како се чувствувам“ им се ставаат на располагање на вработените во вашата клиника преку обезбеден систем до кој пристап имаат само овластени лица.

По ваш избор може да ги споделите вашите лични податоци во апликацијата со вработените во вашата клиника на начин што физички ќе им ја презентирате содржината прикажана на екранот на вашиот уред.

Административни и законски причини: Може да обелоденуваме податоци за вас: (1) ако со закон или законска постапка сме обврзани на тоа, (2) на органите на прогон или на други органи на власта или (3) кога веруваме дека обелоденувањето е неопходно за да се спречи физичка

повреда или финансиска загуба или во врска со истрага за сомневања за или за реално измамничко или незаконско делување.

**4. Вашите права и избори**

Имате право да побарате пристап до сите лични податоци кои групацијата Диаверум ги обработува за вас.  Освен тоа, имате право да побарате сите неточни односно нецелосни податоци да бидат коригирани. Исто така, имате право, во секое време да ја повлечете вашата согласност, ако е дадена, за групацијата Диаверум да ги обработува вашите лични податоци во иднина, без да се влијае на законитоста на обработката која била заснована на согласноста пред истата да биде повлечена.

Под условите предвидени во применливите локални прописи за заштита на лични податоци, исто така, имате право да побарате од контролорот да ги избрише вашите лични податоци, да вложите приговор против обработката на вашите лични податоци, право да побарате ограничување на обработувањето на вашите лични податоци и право на преносливост на податоците. Правото на преносливост на податоците ги опфаќа оние лични податоци кои ги обработуваме врз основа на договор помеѓу вас и нас односно врз основа на вашата согласност, кои што сте ги обезбедиле.

Ако имате било какви прашања односно ако на било кој начин сте загрижени во врска со начинот на кој групацијата Диаверум ги обработува вашите лични податоци, ве молиме контактирајте ја вашата клиника.

Исто така, имате право да поднесете поплака и до националниот орган за заштита на лични податоци.

**5. Како ги заштитуваме личните податоци**

Ние одржуваме соодветни административни, технички и физички заштитни механизми за заштита на личните податоци од случајно или незаконско уништување, случајно губење на податоците, неовластено менување, неовластено откривање на односно пристапување до податоците, злоупотреба, како и сите други видови на незаконско обработување на личните податоци кои ги поседуваме. Исто така, преземаме мерки за уништување односно трајно анонимизирање на личните податоци кога повеќе не постои основана причина за чување на истите. Видот на мерки кои ги преземаме зависи од видот на податоци и како тие податоци се собираат односно складираат.

Ве молиме да имате предвид дека ниту за еден вид на собирање на податоци односно пренос на податоци не може да се гарантира дека е 100% безбеден. Според тоа, иако тежнееме да ги заштитиме вашите лични податоци, сепак не можеме да ја гарантираме односно потврдиме безбедноста на секој пренос на податоци.

Никогаш нема да ја побараме вашата лозинка во рамките на било каква непобарана комуникација (вклучувајќи непобаран допис, како што се писма, телефонски повици или

електронски пораки). Доколку сметате дека вашето корисничко име и лозинка се компромитирани, ве молиме веднаш контактирајте ја вашата клиника.

Сите податоци поврзани со и достапни преку апликацијата d.CARE се чуваат на серверите во центарот за податоци на Диаверум кој се наоѓа во Шведска. За корисниците од Русија, Казахстан односно Саудиска Арабија центрите се податоци се наоѓаат во соодветната земја.

**6. Пренос на податоци**

Личните податоци не се пренесуваат во трети земји. Информациите на Гугл Аналитикс за Фајрбејз може да се пренесат надвор од ЕЕА/РУ/СА. Диаверум не ги комбинира информациите собрани преку Гугл Аналитикс со други лични информации. Гугл ја доставил својата потврда за усогласеност со рамката за заштита на приватноста на ЕУ-САД.

**7. Содржини и врски до други интернет страници**

Нашата апликација може да содржи одредени содржини за кои имаме партнерски однос со други субјекти односно да содржи врски до други интернет страници за полесно да ви овозможи поголема полезност и повеќе информации. Овие содржини може да вклучуваат социјално вмрежување, алатки за географско лоцирање, како и врски до други интернет страници или апликации, кои може да не се на Диаверум односно Диаверум да не ги изготвил. Овие други содржини, интернет страници или мобилни апликации може да имаат свои известувања односно политики за приватност кои препорачуваме да ги прегледате. До степенот до кој било која од овие содржини не е на Диаверум односно Диаверум не ја изготвил, не сме одговорни за содржината на таквата интернет страница, користењето на страницата ниту за практиките на страницата поврзани со приватност.

**8. Ажурирање на нашата Изјава за заштита на приватноста**

Оваа Изјава за заштита на приватноста може да бидат ажурирана периодично и без претходно известување упатено кон вас кое би ги одразило промените на нашето работење со личните податоци. Во апликацијата, ќе побараме од вас да ја прегледате и да се согласите со нашата изменета Изјава за заштита на приватноста, а во горниот дел од известувањето ќе биде наведено кога било последен пат ажурирано.

**9. Како да не контактирате**

Ако имате било какви прашања или коментари за оваа изјава за заштита на приватноста или ако сакате да ги остварите своите права или да ги ажурирате податоците кои ги имаме за вас или вашите преференци, можете да ја контактирате вашата клиника или тоа да го сторите во писмена форма со писмо упатено на горенаведената адреса.

За да ни помогнете да одговориме на вашето барање, ве молиме детално објаснете го проблемот и наведете дека вашето барање е поврзано со апликацијата d.CARE.

*****************************************************

**Општи услови за користење**

**Вовед**

Диаверум ја разви апликацијата за да ги подобри придобивките и искуствата на своите пациенти на дијализа. Користењето на апликацијата е условено со вашата согласност со предвидените услови за користење.
Ние ви дозволуваме да ја користите апликацијата и документите врз основа на овие услови како и сите правила односно политики кои ги применува давателот на апликации односно операторот од чија што интернет страница сте ја симнале апликацијата (**правила на продавницата на апликации**). Не ви ја продаваме апликацијата и документите. Ние и понатаму остануваме сопственици на апликацијата и документите.

**УСЛОВИ ЗА ОПЕРАТИВНИОТ СИСТЕМ**
ЗА ДА ЈА КОРИСТИТЕ ОВАА АПЛИКАЦИЈА ПОТРЕБНО Е ДА ИМАТЕ УРЕД СО иОС ИЛИ АНДРОИД И ПРИСТАП ДО ИНТЕРНЕТ. АПЛИКАЦИЈАТА БАРА СИСТЕМОТ НА ВАШИОТ УРЕД ДА БИДЕ АЖУРИРАН.

**ВАЖНО ИЗВЕСТУВАЊЕ: Прифаќање на условите**
Користењето на оваа апликација и поврзувањето со било кои сервери, интернет страници односно врски поврзани со апликацијата е регулирано согласно со условите наведени подолу.

- Со симнувањето односно пренесувањето на апликацијата се согласувате со условите на дозволата кои ве обврзуваат. Условите на дозволата ги вклучуваат, особено, изјавата за заштита на приватноста опишана погоре, како и ограничувањето на одговорноста наведено во клаузула 15.
- Доколку не се согласуваме со овие услови, нема да ви го дозволиме користењето на апликацијата и документите и веднаш треба да го прекинете процесот на симнување односно пренесување. Во тој случај, не можете да пристапите до, да ја користите односно симнувате апликацијата ниту било кои материјали односно функции поврзани со апликацијата.

**Треба да испечатите примерок од овие услови за во иднина.**

**ДОГОВОРЕНИ УСЛОВИ:**

**1. Користење на апликацијата**

Овие услови важат за апликацијата односно сите услуги до кои може да се пристапи преку апликацијата (**Услуги**), вклучувајќи ги сите ажурирања односно дополнувања на апликацијата или услугите, освен ако не доаѓаат заедно со посебни други услови, во којшто случај важат тие други посебни услови.
Функционалноста на апликацијата и информациите и податоците обезбедени односно достапни преку апликацијата се предмет на промена. Диаверум го задржува правото да ги менува односно ажурира овие услови во било кое време без претходно да ве извести, но ќе ве известиме за промената кога следен пат ќе ја вклучите апликацијата. Новите услови можат да се прикажат на екранот и можеби ќе биде потребно да ги прочитате и прифатите за да продолжите со користењето на услугите. Продолжувањето со користењето на апликацијата по таквите промени значи дека се согласувате со сите такви промени.
Вие ја прифаќате одговорноста во согласност со овие услови, за користењето на апликацијата или било која од услугите на односно во однос на компјутерот, лаптопот, мобилниот телефон, рачниот уред односно било кој друг уред поврзан на интернет (**уреди**) на кој апликацијата е

симната односно пренесена, без оглед дали таквиот уред е ваша сопственост. Се претпоставува дека сте добиле дозвола од сопствениците на уредите кои вие ги контролирате, но не се ваша сопственост. Вам и ним може да ви биде наплатен одреден надоместок од страна на вашите односно нивните даватели на услуги кои овозможуваат пристап до интернет.

**2. Не е замена за медицинско помагало**

Не смеете да се потпирате на информациите добиени од оваа апликација како алтернатива на лекарски совет односно третман од вашиот лекар или друг стручен давател на здравствена грижа. Информациите кои оваа апликација ги обезбедува ќе ви помогнат при следењето на вашата здравствена грижа. Тие не претставуваат лекарски совет и немаат за цел да претставуваат замена за лекарската грижа односно советите дадени од страна на лекар или друг здравствен работник.

Диаверум не презема одговорност за ниту една околност која може да произлезе од користењето, злоупотребата, толкувањето односно примената на информациите добиени како резултат на користењето на апликацијата.

Вие потврдувате и се согласувате дека секогаш ќе го консултирате вашиот лекар односно давател на здравствена грижа за соодветните прегледи, третмани, тестирања и препораки за грижа и дека никогаш нема да го одложите барањето на лекарски совет, да го занемарите лекарскиот совет односно да го прекинете лекарскиот третман поради информациите кои сте ги добиле преку користењето на апликацијата.

**3. Доделување и обем на дозволата**

Поради тоа што сте се согласиле да се придржувате кон овие услови, ние ви доделуваме непренослива, неексклузивна дозвола да ја користите апликацијата на било кој уред, под овие услови, нашата изјава за заштита на приватноста (како што се опишана погоре) и правилата на продавницата за апликации, кои се составен дел од овие услови по пат на повикување. Сите други права ги задржуваме.

Можете:

а. Да симнете односно пренесете примерок од апликацијата на неограничен број уреди, како и да ја гледате, користите и прикажувате апликацијата на таквите уреди само за ваши лични потреби; и

б. Да ги користите документите само за ваши лични потреби.

**4. Ограничувања на дозволата**

Освен она што е изречно наведено во овие услови односно она што локалните законски прописи го дозволуваат, ви се согласувате со следниве работи:

а. да не ја умножувате апликацијата односно документите освен ако таквото умножување не е поврзано со нормалното користење на апликацијата или, доколку е потребно, за потребите на правење резервни копии односно оперативната безбедност;

б. да не ја давате апликацијата односно документите во подзакуп, да не ги подлиценцирате, да не ги давате на заем, да не ги преведувате, спојувате, прилагодувате односно менувате;

в. нема да се прават измени односно модификации на апликацијата во целост ниту пак на некој нејзин дел со цел комбинирање со односно вградување во било кои други програми;

г. нема да се расчленува односно разложува апликацијата на своите составни делови ниту пак ќе се создаваат работи изведени од апликацијата во целост или пак од некој нејзин дел, ниту пак ќе се направи обид за такво нешто до тој степен до кој ваквите активности не можат да бидат забранети бидејќи се од есенцијално значење за потребите на постигнување на интероперабилност на апликацијата со други софтверски програми и под услов дека информациите кои сте ги добиле во текот на овие активности:

   i. Се користат исклучиво за потребите на постигнување на интероперабилност на апликацијата со друга софтверска програма;
   ii. Непотребно не се откриваат ниту се соопштуваат без претходна писмена согласност, на трети лица и
   iii. Не се користат за создавање на било каков софтвер кој е значително сличен на апликацијата;

д. дека сите примероци на апликацијата ќе ги чувате на безбедно;
ѓ. дека ќе го наведете нашето известување за авторските права на сите целосни или делумни копии кои ќе ги направите од апликацијата на било кој медиум;
е. да не ја давате ниту пак на друг начин да не ја ставате на располагање апликацијата, во целост или делумно (вклучувајќи го и предметниот и изворниот програмски код), во било која форма на било кое лице без претходна писмена согласност од нас и
ж. да ги почитувате сите прописи и регулативи поврзани со контролата на технологијата односно со извозот кои се однесуваат на технологијата која е употребена во односно поддржана од апликацијата односно било која услуга (технологија), заедно **Ограничувања на дозволата**.

**5. Ограничувања поврзани со прифатливо користење**

Не смеете да ги правите следниве работи:

а. да ја користите апликацијата односно било која услуга на начин кој што е незаконски, за потреба која што е незаконска односно на било кој начин кој што не е во согласност со овие услови или да делувате измамнички или злонамерно (на пример, со хакирање на или вметнување на злонамерен код, вклучувајќи тука вируси односно штетни податоци во апликацијата, било која услуга односно било кој оперативен систем);
б. да ги прекршувате нашите права на интелектуална сопственост односно таквите права на трети лица, со начинот на кој што ја користите апликацијата односно било која услуга (до тој степен до кој таквото користење не е дозволено согласно со овие услови);
в. да пренесувате материјали кои се понижувачки, навредливи односно на друг начин непожелни во врска со начинот на кој што ја користите апликацијата односно било која услуга;
г. да ја користите апликацијата или било која услуга на начин кој што би можел да ги оштети, онеспособи, преоптовари, попречи односно компромитира нашите системи односно нашата безбедност односно да го наруши користењето од страна на другите корисници и
д. да собирате било какви информации односно податоци од било која услуга односно од нашите системи или да се обидете да дешифрирате било какви сигнали пренесени од односно до нашите сервери кои што ги опслужуваат услугите,

заедно **Ограничувања поврзани со прифатливо користење**.

## 6. Потенцијал за грешка

Информациите содржани во базата на податоци за складирање односно базата на податоци на Диаверум се внесени рачно, а во одредени случаи и преку автоматизиран процес. Информациите се подложни на грешки на податоците, грешки на пациентите, грешки при програмирање, а вие прифаќате и се согласувате да ја користите апликацијата врз основа на тоа дека такви грешки односно неточни информации можат да бидат добиени од односно внесени во базата на податоци на апликацијата. Во таков случај нема да имате побарување од, ниту пак ќе барате одговорност од Диаверум за надомест, отштета или губиток како резултат на користењето на апликацијата.

Свесни сте дека апликацијата не е развиена да ги исполни вашите лични барања и дека, според тоа, вие сте одговорни да обезбедите дека инструментите и функциите на апликацијата како што се опишани во документите, ги исполнуваат вашите барања.

## 7. Користење на информациите

Диаверум ги прави сите разумни работи, но не може да гарантира односно потврди дека сите датотеки достапни за симнување за апликацијата се чисти од вируси, црви, тројанци односно други видови на програмски код кои што имаат контаминирачки односно уништувачки својства. Диаверум не дава никакви изречни или имплицирани гаранции, изјави или потврди од било кој вид, во однос на датотеките кои се симнати за потребите на апликацијата односно информациите или податоците кои се внесени во односно до кои е пристапено со користењето на апликацијата.

Диаверум нема да биде одговорен пред вас или пред било кој друг за било која одлука која сте ја донеле вие или некој друг, за потпирање на податоците добиени од датотеките симнати од апликацијата.

Се согласувате дека нема да печатите односно електронски да умножувате било какви документи, програмски кодови, податоци односно било кои други работи без изречна писмена согласност од страна на Диаверум.

## 8. Гаранции

Медицинските информации и другите податоци обезбедени од страна на апликацијата се обезбедени без било какви изјави односно гаранции, изречни или имплицирани.

Диаверум не изјавува дека медицинските информации односно податоците добиени со користење на апликацијата:

а. ќе бидат постојано достапни или пак воопшто достапни или
б. се целосни, вистинити, точни и ажурни и дека не наведуваат на погрешни заклучоци.

## 9. Рачни уреди и уреди поврзани на интернет

Апликацијата е дизајнирана да работи на одредени уреди. Ако ја гледате односно ја користите апликацијата на мобилен односно друг вид на рачен уред може да се соочите со одреден застој и ограничувања на функционалноста. Може да се соочите со променливо мрежно покривање и брзина, во зависност од вашата географска локација и давателот на телекомуникациски услуги. Апликацијата не треба да се користи додека управувате со моторно возило ниту пак на било кој

друг начин што ве става вас самите или било кој друг во опасност. Со користењето на апликацијата, изречно се согласувате дека Диаверум не е одговорен за:

а. ограничувањата во работењето односно ограничувањата на воспоставената врска;
б. податоците кои се пренесуваат преку безжичен пристап можат да бидат пресретнати од страна на неовластени лица или
в. доколку вие не сте успеале физички да го заштитите и следите вашиот уред односно да ги заштитите вашите лозинки што пак довело до неовластен пристап до информациите добиени од апликацијата.

**10. Врски до интернет страницата на Диаверум и други страници**

При користењето на апликацијата можете да пристапите на други интернет страници и други содржини сродни со Диаверум. Диаверум не ги прегледува, контролира ниту ги потврдува содржините и точноста на било кои интернет страници или други материјали на трети лица и нема да биде одговорен за нивните содржини и точност.

Треба да донесете свој независен суд во врска со вашата интеракција со било кои интернет страници на трети лица, вклучувајќи го тука и купувањето и користењето на било какви производи односно услуги кои се достапни преку нив.

**11. Информации доставени до серверот на Диаверум**

Сите информации или податоци испратени до Диаверум ќе бидат третирани како податоци кои не се во сопственост но сепак се доверливи. Диаверум ќе ги направи сите разумни напори да ги обезбеди овие информации во согласност со разумните стандарди во дејноста, но вие треба да бидете свесни дека Диаверум нема да биде одговорен за било какво откривање, губење или оштетување како резултат на односно поврзано со испратените информации.

**12. Известување на авторски права**

Содржините на апликацијата се предмет на авторски права. Можете да го симнете, зачувате и користите софтверот поврзан со апликацијата за потребите на личното, некомерцијалното и приватното користење во согласност со овие услови. Еден од условите е да не поставувате, објавувате односно емитувате било кој дел од апликацијата на било која друга страница или медиум без да добиете претходна писмена согласност од Диаверум. Се согласувате дека нема да го менувате односно дополнувате програмскиот код поврзан со апликацијата ниту пак ќе се обидете да го направите разложување на составни елементи, менување, расчленување, прилагодување, преведување, расклопување на изворниот програмски код поврзан со апликацијата.

**13. Прекршување на авторските права од страна на Диаверум**

Диаверум има воспоставено постапки за добивање на известувања за побарувања во врска со прекршување на правата на трети лица од страна на Диаверум. Во случај ако имате или добиете побарување треба до Диаверум да препратите известување во кое се утврдува авторското право за кое постои побарување поради прекршување, името и потписот на лицето овластено да го застапува барателот, како и сите други информации кои може разумно да бидат потребни за Диаверум да го лоцира материјалот и да комуницира со барателот.

**14. Права на интелектуална сопственост**

Свесни сте дека сите права на интелектуална сопственост на апликацијата, документите и технологијата насекаде во светот ни припаѓаат нам и на давателите на нашите дозволи, дека правата во апликацијата ви се лиценцирани (не ви се продадени) и дека немате права во однос на апликацијата, документите и технологијата освен правото да ги користите во согласност со овие услови.
Сите повикувања во материјалите во врска со трговски марки или трговски имиња се смета дека се сопственост на сопствениците на таквите трговски марки или трговски имиња. Освен ако не е изречно наведено од страна на Диаверум, Диаверум не тврди дека е агент на или делува во име на третите лица наведени во пренесените материјали.
Се согласувате дека немате дозвола ниту права да ги користите трговските марки наведени на страницата.
Прифаќате дека немате право да пристапите на апликацијата во форма на изворен програмски код.

**15. Настани надвор од нашата контрола**

Доколку некој акт или настан кој е надвор од нашата разумна контрола, штетно влијае врз исполнувањето на нашите обврски согласно со овие услови, тогаш:

а. нашите обврски согласно со овие услови ќе бидат суспендирани, а времето за исполнување на нашите обврски ќе биде продолжено за времетраењето на таквиот настан и
б. ќе ги направите сите разумни напори да изнајдеме решение за да ги исполните нашите обврски согласно со овие услови и покрај таквиот настан.

**16. Ограничување на гаранцијата и одговорноста**

Ова е резиме на вашите клучни законски права. Овие се предмет на одредени исклучоци.
Дигиталната содржина (како што е апликацијата) мора да одговара на дадениот опис, да биде соодветна за намената и со задоволителен квалитет:

а. доколку апликацијата е дефектна, имате право да добиете поправка или замена и
б. ако можете да покажете дека дефектот го оштетил вашиот уред и дека не сме обезбедиле разумна грижа и вештини, може да побарате поправка или надоместок.

Исклучиво ја даваме апликацијата и документите за домашно и приватно користење. Освен доколку не е поинаку утврдено во овие услови, се согласувате дека:

а. нема да ја користите апликацијата и документите за било какви комерцијални, деловни цели или за препродажба, а ние не сносиме одговорност спрема вас за било каква загуба на добивка, загуба на деловно работење, попречување на деловното работење односно загуба на деловните можности;
б. ќе ја користите апликацијата и услугите на сопствен ризик;
в. дека во ниту еден случај Диаверум нема да биде одговорен за било какви оштетувања, вклучувајќи тука, без ограничување, директни или индиректни, случајни или последични оштетувања, загуби или трошоци кои произлегуваат од било каков дефект во работењето, грешка, пропуст, нарушување или застој во работењето односно пренесувањето на здравствениот систем поддржан од страна на апликацијата и
г. до степен до кој законските прописи тоа го дозволуваат, Диаверум е ослободен од сите побарувања, предлози, одговорности односно било какви трошоци кои би произлегле од, односно кои се поврзани со користењето на апликацијата, услугите или документите.

За да нема никакво сомневање, нема да бидеме одговорни за било каква грешка при извршувањето, застој при извршувањето на нашите обврски согласно со овие услови, предизвикани поради настан или активност надвор од нашата разумна контрола.
Ништо од ова што е наведено во овие услови нема да ја ограничи ниту исклучи нашата одговорност при:

а. смрт или телесна повреда како резултат на небрежност од наша страна;
б. измама или измамничко погрешно толкување и
в. било каква друга одговорност која не може да се ограничи ниту исклучи согласно со закон.

**17. Вашата одговорност кон нас**

Се согласувате дека ќе бидете одговорни пред Диаверум и се обврзувате да ги надоместите на Диаверум сите побарувања, активности, барања, трошоци, оштетувања, расходи и загуби (вклучувајќи, но е ограничувајќи се на сите директни, индиректни односно последични загуби, загуби на добивка, повреда на репутацијата и сите камати, казни и правни трошоци, како и сите разумни професионални трошоци и расходи) кои Диаверум ги претрпел односно покрил во врска со односно кои се произлезени од било какво прекршување на овие услови од ваша страна.
Обврските предвидени во оваа клаузула 17 ќе останат на сила дури и ако договорот се раскине врз основа на клаузула 18.

**18. Прекинување на услугата**

Диаверум го задржува правото да го прекине пристапот до апликацијата и услугите веднаш доколку утврди, исклучиво и апсолутно по свое видување дека вие:

а. сте сториле битно односно трајно прекршување на овие услови и истото не сте го поправиле (ако можело да се поправи) во рок од 14 дена по доставувањето на писменото известување со кое од вас се бара да го сторите тоа или
б. ако сте ги прекршиле ограничувањата на дозволата или ограничувањата на прифатливото користење.

Немате право да се предомислите во однос на согласноста со овој договор за условите за користење со нас откако ќе започнете да ја симнувате односно пренесувате апликацијата. Меѓутоа секогаш можете веднаш да го раскинете договорот со тоа што писмено ќе не известите за раскинувањето. Ве молиме да забележите дека ако го раскинете договорот и доколку ние не сме виновни, може да имаме право на разумен надоместок за нето трошоците кои сме ги имале како резултат на вашето раскинување на договорот.
По раскинувањето, од било која причина:

а. сите права кои ви се доделени согласно со овие услови, ќе престанат да важат;
б. треба веднаш да ги прекинете сите активности одобрени согласно со овие услови, вклучувајќи го тука и користењето на услугите и
в. треба веднаш да ја избришете односно отстраните апликацијата од сите уреди и веднаш да ги уништите сите копии од апликацијата и документите кои ги поседувате, ги имате во старателство односно ги контролирате, како и да ни потврдите дека тоа сте го сториле.

## 19. Комуникација помеѓу нас

Доколку сакате да не контактирате во писмена форма или доколку, според некој од овие услови имате обврска да не известите во писмена форма, можете тоа да го сторите со тоа што ќе ни испратите електронска порака или пак ќе ни испратите писмо по препорачана пошта на адресата за контакт наведена погоре. Ние ќе го потврдиме приемот во писмена форма, најчесто преку електронска пошта.

Доколку имате некои прашања или поплаки за апликацијата или услугата, ве молиме контактирајте не во писмена форма или по електронска пошта. Како регистриран корисник секогаш можете да стапите во контакт со вашата матична клиника на било која тема.

Ако треба ние да ве контактираме или да ви пратиме писмено известување, тоа ќе го сториме по електронска пошта или писмо по препорачана пошта на адресата која ќе ни ја посочите.

## 20. Други важни услови

Можеме да ги пренесеме нашите права и обврски во согласност со овие услови на друга организација, но ова нема да влијае врз вашите права односно врз нашите обврски согласно со овие услови.

Можете да ги пренесете вашите права односно обврски во согласност со овие услови, на друго лице, само со наша писмена согласност.

Доколку не инсистираме да ги исполните вашите обврски согласно со овие услови или доколку не ги спроведеме нашите права во однос на вас или ако тоа го направиме подоцна, тоа нема да значи дека сме се откажале од нашите права кон вас и нема да значи дека не треба да ги исполните овие обврски. Доколку се откажеме од неисполнувањето на обврските од ваша страна, тоа исклучиво ќе го сториме во писмена форма и тоа нема да значи дека автоматски ќе се откажеме од било какво понатамошно неисполнување на обврските од ваша страна.

Секој од условите наведени во овој документ е посебен. Доколку било кој суд или надлежен орган одлучи дека било кој од овие услови е незаконски или не може да се спроведе, останатите услови остануваат целосно на сила.

Ве молиме да забележите дека овие услови, нивната проблематика и формирање се регулирани согласно со локалните прописи. Вие и ние се согласуваме дека локалните судови имаат исклучива надлежност.

Овој договор се смета за склучен на датумот кога ќе ја симнете односно пренесете апликацијата.

________________________________

Се согласувам со горенаведените услови и давам согласност да се користат моите лични и медицински податоци. Се согласувам да ми ја обезбедите апликацијата веднаш и се согласувам дека го губам правото да се откажам од договорот откако ќе започне симнувањето односно пренесувањето на апликацијата.